24

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 31-01-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojca: | Вредност: |
| | 19-13/1 | / | / |

Зурка: 240/1,2,3,4-21

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -  - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

## ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН ПО ЕВРОПСКИ МОДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И РЕСУРСИТЕ

(Име на проектот)

Кавадарци, 28.01.2022 година
(место) (датум)

Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-240/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЖИВОТ Кавадарци |
| Наслов на проектот | Тиквешкиот регион по европски модел за заштита на природата и ресурсите |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Роберто Паризов |
| Проектен менаџер | Роберто Паризов |
| Телефон и е-пошта за контакт | 071 47 11 25 ekozivot@yahoo.com |
| Цел на проектот | Зголемување на свеста на граѓаните и институциите за потребата од определување на заштитни зони околу водните тела изворите Лукар и Космотец и зафатот Стара Река наменети како води за консумирање на жителите на 3 општини (Кавадарци, Неготино и Росоман) и покренување на иницијатива за прогласување на изворишните зони за заштитени подрачја. Зголемување на информациите и знаењата на учениците во основните и средните општински училишта како и студентите од дисперзираните студии во Тивешијата за значењето на водите и водниот биодиверзитет, човековите права за здрава животна средина. |
| Целна група | Граѓаните на општина Кавадарци, Неготино и Росоман; институциите во општина Кавадарци, Неготино и Росоман; ЈП - Комуналец Кавадарц |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Територијата на општина Кавадарци, Неготино и Росоман, околината околу изворите Лукар и Космотец и зафатот Стара Река |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | **608.030,00** ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

За остварување на целите на проектот воспоставивме успешно партнерство со ЈП Комуналец Кавадарци и општина Кавадарци, како и соработка со ЈП Комуналец Росоман, ЈП Комуналец Неготино, општина Росоман и општина Неготино што резултираше во формирање на локално-регионално интерсекторско тело за заштита на подрачјето Лукар. Заедно со ЈП Комуналец Кавадарци и општина Кавадарци реализиравме неколку посети на подрачето Лукар.
Со одлука на Владата на Република Северна Македонија бр. 40-8087/1 водозафатните објекти извори „Лукар 1", „Лукар 2", „Косматец" и зафат на водоток „Стара Река" се прогласени за заштитни зони согласно Законот за водите. Активностите на партнерството се насочија и кон прогласување на подрачјето за заштитено согласно Законот за природа за која цел започнавме дискусија со претствници од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во текот на проектот реализиравме 6 обуки, по 2 обуки за секоја од трите теми, од кои две обуки се реализираа преку Zoom за учество на заинтересираните граѓани со цел зголемување на свеста на граѓаните и институциите за важноста на водите и биодиверзитетот.
Целите и активностите на проектот беа претставени и на регионално и национално ниво за време на Фестивалот на Цивика мобилитас - „Ден на граѓанските организации“ и Регионален саем на социјални претпријатија во Вардарски плански регион на кои присуствуваат голем број на граѓани и невладини организации. Имавме претставување на проектот и доста продуктивна дискусија за значењето на водите и биодиверзитетот со учениците од СОЗШУ Ѓорче Петров и СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ од Кавадарци.
Едно од најголемите достигнувања со спроведувањето на проектот е креирањето на Едукативниот еко-центар на фреквентна локација во градскиот парк „Љупчо Шкартов“ во Кавадарци кој ќе се користи за едукативни цели и практична настава во природа.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Подигнување на свеста на граѓаните од потребата за заштита на изворишните води и околината за пиење на Лукар ,Косматец и Стара река наменети како води за консумирање на жителите на 3 општини (Кавадарци,Неготино и Росоман), но и за почитување и заштита на биодиверзитетот | Со започнување на имплементацијата на проектот беше креирана FB страната за проектот, се објави оглас за ангажирање на лице одговорно за одржување на ФБ страна за проектот и креирање и спроведување на ФБ кампањи за промоција на проектот, избраното лице беше ангажирано и запознаено со проектот за соодветно спроведување на задачите. Креиравме информативна брошура и ја споделивме на FB и по емаил преку нашата листа на емаил контакти. Оствиривме онлајн средба со граѓани и организации за презентација на проектот, како и лична презентација пред подмладокот на Еко-Живот. | 01.08.2021-31.12.2021 | - Креирана Facebook страница за проектот „Тиквешкиот регион по европски модел за заштита на природата и ресурсите“ https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje<br><br>- Креиран информативен флаер за проектот и споделен онлајн на FB, по емаил, за време на 2 саеми, презентацијата во средните училишта, обуките и во општина Кавадарци.<br><br>- Состанок со претставници од ЈП Комуналец и Општина Кавадарци на 10.08.2021 во НВО Инфо Центарот за запознавање со проектот и вклучување во активностите https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/154821983401187<br><br>- Претставување на проектот на Фестивалот на Цивика мобилитас - „Ден на граѓанските организации“одржан на 25 септември 2021 г. во Градски Парк Скопје за време на кој Еко-Живот имаше свој штанд и презентација https://www.facebook.com/civicamobilitas/photos/a.3632393733653089/3632457783646684<br><br>- Онлајн презентација на Zoom со НВО организации и граѓани на 19.10.2021 со 13 учесници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Презентација на подмладокот на Еко-Живот на 23 октомври 2021 во НВО Инфо Центарот<br>- Креирано кратко промотивно видео за проектот и важноста од заштита на водите наменети за пиење од човекот<br>https://fb.watch/aLZ2IU8eUb/<br><br>- Претставување на проектот на Регионален саем на социјални претпријатија во Вардарски плански регион одржан на 12.11.2021 година во Велес за време на кој Еко-Живот имаше свој штанд и презентација<br>https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=4254803154647562&id=319217211539529<br><br>- Презентација на проектот во СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци на 29 ноември 2021 година.<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodrucje/posts/225515362998515<br><br>- Презентација на проектот во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ -Кавадарци на 02.12.2021<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodrucje/posts/228037742746277<br><br>- Презентација на подмладокот на Еко-Живот на 14.12.2021 во НВО Инфо Центарот<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodrucje/posts/235685675314817 |
| Изработка и поставување на 3 информативни знаци и инфо-табли со информации за соодветниот извор, присутната флора и фауна во неговата околина и пораки до посетителите за подигање на свеста за почитување и заштита на околината околу изворот | Во консултации со ЛП Комуналец и Општина Кавадарци беше изработен и одобрен дизајнот за информативните табли кои беа поставени на 3 локации во близина на изворите. | 01-31.12.2021 | Поставени 3 информативни табли на локации одредени како најсоодветни во соработка со ЛП Комуналец Кавадарци<br>https://www.facebook.com/MitkoJanchev/posts/478221333661873 |
| Лобирање кај надлежните институции (општини, министерства, управи, Влада) за важноста од прогласување на изворишните зони, односно околината околу водните тела за | Заради одлуката на Владата на Република Северна Македонија за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатните објекти извори Лукар 1, Лукар 2, Косматец и зафат на водотек Стара Река | 01.08.2021-31.12.2021 | - Остварени 5 средби со претставници од општините и ЈКП од Кавадарци, Росоман и Неготино.<br><br>- Формирано локално-регионално интерсекторско тело за заштита на подрачјето Лукар со претставници од општините и ЈКП од Кавадарци, Росоман и Неготино за време на состанокот во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| заштитени подрачја | согласно Законот за води, нашите активнсти од лобирање за прогласување на заштитени подрачја се насочија кон активности и соработка со надлежните институции за соодветно спроведување во пракса на оваа одлука и следење на процесот на спроведување. Исто така и кон активности за прогласување на подрачјето за заштитено согласно Законот за природа | | општина Кавадарци на ден 31.08.2021 година. https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/167096182173767<br><br>- Испратено дописно писмо до г-дин Влатко Трпески (раководител на Одделение за биодиверзитет, Сектор природа, Управа за животна средина, МЖСПП) за покренување на иницијатива за заштита на подрачјето согласно Законот за природо, воедно и покана за посета на локалитетот.<br><br>- Потпишан меморандум за соработка со општина Кавадарци.<br><br>- Потпишан меморандум за соработка со Јавно Претпријатие Комуналец Кавадарци.<br><br>- Состанок со новиот градоначалник на општина Росоман на 23.12.2021 |
| Зголемување на капацитетите на невладиниот сектор и институциите за заштита на природните богатства, со акцент на заштитените подрачја | Објавен оглас за ангажирање на лице, и избор на соодветни обучувачи, за спроведување на обука за правна регулатива за заштитени подрачја и на лице за заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион. Беше поднесено барање, и истото беше одобрено, за одржување на двете обуки во ист ден. Организирање и спроведување на тематски обуки со претставници на НВО секторот, општините Кавадарци, Росоман и Неготино и ЈКП од трите општини | 31.08.2021-23.12.2021 | 31.08.2021 – Одржана првата обука за правна регулатива за заштитени подрачја во конференциската сала на општина Кавадарци<br><br>07.10.2021 – одржана втората обука за правна регулатива за заштитени подрачја во НВО Инфо Центарот Кавадарци<br><br>07.10.2021 – одржана првата обука за заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион, во конференциската сала на НВО Инфо Центарот https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/191178903098828<br><br>24.11.2021 - одржана втората обука за заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион, онлајн преку Zoom https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/222640266619358<br><br>16.12.2021 – одржана првата обука за мониторинг и заштита на загрозени и ендемични видови, во конференциската сала на НВО Инфо Центарот https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/238761511673900<br><br>23.12.2021 - одржана втората обука за мониторинг и заштита на загрозени и ендемични видови, онлајн преку Zoom https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/240523301497721 |
| Реализирање на теренски истражувања | Анализа на теренот и план за спроведување на | 01.08.2021-30.11.2021 | - Добиена дозвола за движење за посета на заштитена зона „Лукар“ во период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во околината на изворите Лукар, Косматец и Стара река за детерминирање и анализа на биодиверзитетот од особено значење присутно на територијата | посетите на извориштата со претствници од ЈП Комуналец Кавадарци, поставување на трап-камери во околината на извориштата, не на самата територија на истите затоа што е забрането поставување на камери и видео мониторинг на територијата на извориштата. | | 01.08.2021-31.12.2021 од ЈП Комуналец Кавадарци.<br><br>- Посета на изворите Лукар 1, Лукар 2, Космотец и зафатот Стара Река на 19.08.2021 во придружба на претставници од ЈП Комуналец Кавадарци и о. Кавадарци<br><br>- Посета на изворите Лукар 1, Лукар 2, Космотец и зафатот Стара Река на 09.09.2021 и 13.10.2021 год.<br><br>- Посета на изворите Лукар 1, Лукар 2, Космотец на 15.11.2021 во придружба на претставници од ЈП Комуналец Кавадарци<br><br>- Посета на изворите Лукар 1, Лукар 2, Космотец на 22.11.2021 во придружба на претставници од ЈП Комуналец Кавадарци |
| Формирање на едукативен центар за заштита и промоција на природата и природните предели на општина Кавадарци и негово опремување. Барање до Влада и соодветни министерства за доделување на локација за креирање на едукативниот центар на територијата на општина Кавадарци | За целите на креирање на еко едукативниот центар најпрвин беше потребно да се добие дозвола од општина Кавадарци за поставување на урбана опрема контејнер, постапка која започна со доставување на Барање до градоначалникот на општина Кавадарци од ден 25.11.2021 година.<br>На седницата на Советот на општина Кавадарци од 14.12.2021 г.се донесе одлука за одобрување на барањето и на 16.12.2021 г.започна подготовка на теренот за поставување на контејнерот во кој ќе се наоѓа еко-центарот.<br>Бараната и одобрена локација е во Градски парк Кавадарци веднаш спроти Музејот на виното, локација која е доста посетена од локалното население, но и од туристите.<br>На ден 21.12.2021 година беше поставен контејнерот и веќе во наредните денови започна неговото уредување. | 01.11 – 31.12.2021 | 16.12.2021 г.подготовен теренот за поставување на контејнерот<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/235728998643818<br><br>21.12.2021 – достава и поставување на контејнерот во кој се наоѓа еко-центарот на локација во Градски парк Кавадарци веднаш спроти Музејот на виното.<br>https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje/posts/238948588321859 |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Со првичниот план на активности беше предвидено теренска посета на изворите секој месец, сепак во месец октомври и декември не бевме во можност да го посетиме заради променливите временски услови и специфичноста на теренот, како и потребата од теренско возило кое не беше во исправна состојба.

Обуката за мониторинг и заштита на загрозени и ендемични видови првично беше планирано да се реализира во месец октомври, но беше одложена за ноември. Додека во октомври се одржа обуката за заштита на водите, со акцент на водите во Тиквешкиот регион, првично планирана за во ноември, заради поголемата сродност на тематиката со обуката за правна регулатива за заштитени подрачја со која се одржаа во ист ден.

Трап-камерите кои беше планирано да се постават на самите изводи беа поставени во околината на изворите, затоа што не е дозволено снимање на локацијата на самите изворишта.

Инфо средбите со учениците во основните и средните општински училишта како и студентите од дисперзираните студии во Кавадарци беше одложено за втората половина на месец ноември заради повнимателно следење на епидемолошката состојба и целосно спроведување на скринингот на учениците. За жал, личната презентација на студентите од дисперзираните студии во Кавадарци не беше дозволена, а само се одржа во СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци и во СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Официјална FB страна на проектот | 733 | | https://www.facebook.com/lukarzastitenopodracje |
| Репортажа на регионалната телевизија КТВ | | | https://fb.watch/9fkdepiLrR/ |
| Објава на веб порталот, ФБ страната и видео репортажа од телевизија РТК | | | http://rtk.mk/kavadarci/6996-video-obuka-za-pravnata-regulativa<br>https://www.youtube.com/watch?v=jnb6Avd6okw<br>https://www.facebook.com/rtkavadarci/posts/4833475780029836 |
| Креиран информативен флаер за проектот и споделен онлајн на FB, по емаил, за време на 2 саеми, презентацијата во средните училишта, обуките и во општина Кавадарци | | 300 | |
| Претставување на проектот на Фестивалот на Цивика мобилитас - „Ден на граѓанските организации" | | | https://www.facebook.com/civicamobilitas/photos/a.3632393733653089/3632457783646684 |
| Креирано кратко промотивно видео за | | | https://fb.watch/aLZ2IU8eUb/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| проектот и важноста од заштита на водите наменети за пиење од човекот, објавено на регионалната телевизија РТК и нивните социјални профили | | | |
| Претставување на проектот на Регионален саем на социјални претпријатија во Вардарски плански регион | | | https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=4254803154647562&id=319217211539529 |
| Објава на статија „Регионалниот извор „Лукар“ прогласен за заштитена зона“ од МИА, Вечер, Канал 5, МакПрес Time.mk | | | https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=449865<br>https://www.vecer.press/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%80-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81/<br><br>https://kanal5.com.mk/regionalniot-izvor-lukar-proglasen-za-zashtitena-zona/a511816<br><br>https://mia.mk/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%80-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81<br><br>https://www.vecer.press/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%80-%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%80-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81/ |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Една од целите на проектот беше зголемување на свеста на граѓаните и институциите за важноста на изворите Лукар и Космотец и зафатот Стара Река, како и општо важноста на водите и биодиверзитетот што се реализираше преку обуките и презентациите, но најмногу со креирањето на Едукативниот еко-центар за заштита на водите и биодиверзитетот на фреквентна локација во градскиот парк „ Љупчо Шкартов“ во Кавадарци кој и покрај административните процедури и временските прилики беше поставен и опремен во монтажниот контејнер набавен преку проектот. Во иднина во истиот ќе функционира и младинскиот еко-клуб со локалните основни и средни училишта, ќе се користи за едукативни цели и практична настава во природа. Во текот на пролетните месеци е планирано уредување на дворниот простор пред центарот со мала градина и летниковец во соработка со ЈП Комуналец Кавадарци и општина Кавадарци, како и набавка на изложбени витрини за поставување на примероци од растителниот и животинскиот свет, како и автохтони семиња карактеристични за Тиквешијата.

Како заклучок, сметаме дека преку спроведените активности и соработки успеавме успешно да ги реализираме поставените цели со подготовката и почетокот на проектот.

## 7. Финансиски извештај

Забелешка на грантистот: Детален приказ на трошоците е даден во документот „ДЕТАЛЕН ПРИКАЗ НА ТРОШОЦИ И ПРЕГЛЕД НА ДОКУМЕНТИ ЗА ПОДДРШКА НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ" приложен со проектната документација

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **294200** | **291089** | |
| Плати | 0 | 0 | |
| Придонеси и даноци од плати | 0 | 0 | |
| Надоместоци и хонорари | 264700 | 264700 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 29500 | 26389 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **21000** | **21000** | |
| Транспорт | 10000 | 10000 | Набавка на картички Верна од Макпетрол |
| Хотелско сместување | 0 | 0 | |
| Дневници | 11000 | 11000 | |
| **III. Опрема (вкупно)** | **10000** | **13750** | |
| ИТ - опрема | 0 | 0 | |
| Мебел | 0 | 0 | |
| Друга опрема (специфицирај) | 10000 | 13750 | Цената на соларниот панел за потребите на еко-едукативниот центар беше повисока од првично предвидената заради наглиот раст на цените на опрема |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **10000** | **10090** | |
| Канцелариски материјали | 10000 | 10090 | |
| Други трошоци (специфицирај) | 0 | 0 | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **186000** | **189922** | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 0 | 0 | |
| Банкарски провизии | 2500 | 1420 | |
| Информативни табли | 13500 | 13502 | |
| Монтажен контејнер | 170000 | 175000 | Цената на монтажниот контејнер е повисока од првично предвидената заради наглиот раст на железото |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **0** | **0** | |
| Користење канцеларија | 0 | 0 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 0 | 0 | |
| **VII. Специфични трошоци** | **78800** | **82179** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | 44800 | 47689 | Исплатените трошоци за услуги се поголеми од буџетираните заради зголемување на пазарните цени, особено во видеопродукција |
| Изнајмување простории за организирање настани | 0 | 0 | |
| Публикации | 8000 | 8000 | |
| Конференции и работилници | 16000 | 16490 | |
| Комуникациски продукти | 0 | 0 | |
| Сметководствени услуги | 10000 | 10000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600000** | **608030** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кон не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Кавадарци, 20.01.2022 год.
(Место) (датум)

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)